Обраќање на министерката за одбрана Радмила Шекеринска на прес конференцијата по повод Планот за интегритет 2021-2024

За да одбраната во било која земја гарантира мир и безбедност, мора да гарантира интегритет и во своето работење. Ние во Министерството за одбрана сме исклучително посветени на градењето интегритет и тоа има веќе видливи резултати признаени не само во државата, туку и надвор од нашите граници.

Навистина ми е драго што одбраната стана сектор кој што за исклучително крајот време прерасна во предводник во политиките за борба против корупцијата.

Како што знаете Министерството за одбрана веќе втора година по ред е лидер во Активната транспарентност во споредба со сите други централни и локални институции.

Во 2020 година бевме прво Министерство во нашата историја кое што стана лидер според активната транспарентност, а годинава ова прво место не само што го задржавме, туку успеавме да постигнеме 100 – процентен резултат во поглед на критериумите според кои се оценува активната транспарентност.

Оваа активна транспарентност е исклучително важна зашто е една од најсилните алатки за отвореност, отчетност и за борба против корупцијата. Не се задржавме само на натпревар на локано, односно на државно ниво, туку успеавме да ги измериме силите и во регионот. Одлични резултати покажавме и на мерењето на интегритет на одбраната од страна на меѓународната Трансапренси Интенрешнл. Поради ваквата политика во поглед на борбата против корупција, создавање на интегритет и активна транспарентност, Северна Македонија стана втора земја од земјите на Централна и Источна Европа според интегритет во секторот одбрана.

Успеавме на ова истражување, на оваа анализа да бидеме подобри од 4 земји членки на ЕУ и од 6 земји кои што веќе од поодамна се членки на НАТО Алијансата.

И, тоа покажа дека дури и пред да станеме членка на НАТО спроведуваме политики кои гледаат понапред и се поамбициозни од останатите.

Некои би рекле дека со тоа работата во делот на транспарентност и интегритетот е завршена работа меѓутоа нашиот став е дека и во оваа област продолжуваме уште поамбициозно за да бидеме и поефикасни и за да бидеме подобри и денешнава прес – конференција е посветена токму на таа цел.

Денес го промовираме Планот за интегритет кој што се донесува на периодот од 21 до 24 година кој преставува надградување на се што овие 4 години го градевме во делот на интегритет и на активната транспарентност.

Новиот план го градевме врз основа и на дел од забелешките кои што ги видовме во извештајот на Транспаренси Интернешнл, но и како резултат на многу силна заложба на еден прилично мал но многу посветен тим во Министерството за одбрана на кој сакам да му се

заблагодарам и да му честитам кој што заедно со нашите сојузници и партнери од Центарот за интегритет на Кралството Норвешка навистина во текот на цела година се посветија да добијат документ кој што е ефикасен, кој што е многу концизен, кој што е кус, но многу содржаен.

Сакам во оваа прилика да се заблагодарам и на сугестиите кои што ги добивме од страна на невладините организации кои штоп се фокусираат на овие прашања во нашата држава и да кажам дека и овој документ кој што ќе биде достапен и е достапен на веб- страната на Министерството за одбрана и го имаме веќе и во печатена форма е резултат на работа пред се на институцијата , на многу силна поддршка од страна на центарот за интегритет на Кралството Норвешка, но и на консултации со нашите домашни невладини организации , експерти, од кои што добивме навистина вредни совети и тоа покажува дека дури и за релативно кратко време можете да спроведете еден процес кој што ќе вклучува, кој што ќе биде инклузивен и кој што навистина ќе им да де шанса на луѓето кои имаат знаење и искуство да помогнат во градењето на вистински капацитети.

Што ни беше целта со овој План за интегритет? Планот за интегритет не го гледаме како формална обврска која секое министерство треба да ја заврши. Тој е обврска но ние никогаш во работата не пристапивме кон нешто што треба да се има а потоа можеби може и да се заборави.

Нашата цел навистина и со овие политики предвидени во планот е да оставиме нула простор за корупција во одбраната.

Нашата визија е да развиваме транспарентен одбранбен сектор со разработен систем кој што постојано секојдневно ќе гарантира интегритет.

Транспарентноста и интегритетот се клучни состојки ако сакаме да развиваме т.н. отпорни институции и отпорни општества. А, токму оваа отпорност станува новиот НАТО приоритет. Отпорност кон кризи, отпорност кон проблеми кои штоп се увезени, отпорност кон дезинформации, отпорност кон надворешни влијание, сето тоа можете да го создадете во општеството ако тоа општество и тие институции ги развивате со транспарентност и со интегритет, така што овој План за интегритет не е само дел од нашата борба против корупција, туку и дело од нашата стратегија да развивме е отпорно општество и отпорни институции.

За да една институција работи професионално секогаш се неопходни ресурси – значи ви требаат и пари и луѓе. Меѓутоа тие не се доволни – можете да имате големи буџети, можете да имате голем број на вработени во институциите, ако тие вработени не ги поседуваат неопходните вештини, ако не ги имаат соодветните знаења, ако не важат истите правила, тогаш буџетот нема соодветно да се искористи и институцијата нема да ја исполни целта која што ја има пред граѓаните.

Затоа, планот за интегритет го фокусиравме на 6 теми или 6 области кои што ги гледаме како потенцијал за подобрување на состојбите – системот за управување со човечки ресурси, спречувањето на судир на интереси, елиминирањето на ризици од корупција при учество во

меѓународни миси, зајакнување на интегритетот при јавните набавки, но и посилни механизми за внатрешна контрола и тоа се тие 6 области во кои што планот за интегритет прави анализа на плусовите и на минусите и во кои што си задаваме многу амбициозен акциски план што ќе направиме во следниот период.

Еве што планираме согласно ова да направиме.

Во првиот дел, подобрување на системот за управување со човечки ресурси, сакаме навистина и во законите и во подзаконските акти да ги елиминираме сите можни шанси за непотизам, клиентелизам, врски, т.н. покровителство кои што би влијаеле во системот на кариера. Станува збор за силна хиерархиска поставеност на Армијата, и тука навистина правилата се јасни, меѓутоа правилата мора да гарантираат дека во системот нема простор за импровизација, и дека нема простор за злоупотреби во напредувањето.

Планот предвидува редовна обука за интегритет за сите вработени, а концептот за интегритет ќе го вклучиме и во образовниот процес на Воената академија каде што ги создаваме идните офицери и затоа концептот на интегритет особено во делот на нивото напредување или оценување на своите војници апсолутно треба да биде вграден уште на самиот почеток.

Целта ни е навистина напредокот во оваа строго воспоставена хиерархија на одбраната да биде врз база на квалитет , врз база на залагање во работата и врз база на резултати.
Во овој момент во нашата држава согласно законите описот на работни места особено во армиските структури е класифициран податок. И, затоа согласно овој план за интегритет ќе направиме целосна анализа во нашите сојузници во НАТО земјите членки кој дел од описите на работните места навистина треба да бидат класифицирани, кој дел од податоците треба да останат надвор од јавниот домен, а кој формации апсолутно треба да ги направиме достапни на јавноста. И, врз база на таа анализа ќе даваме и предлози за измена во Законите.

Дополнително ќе ги идентификуваме сите позиции и во Армијата и во Министерството кои што се нешто поподложни на ризици од корупција и во тие Сектори или во тие делови ќе предвидиме можности за редовна ротација на вработени за да се намали шансата за едноставна, лесна или континуирана корупција.

Дополнително во акцискиот пан предвидуваме редовна ревизија на одредени судски постапки кои што треба да ни помогнат или да ги ревидираме законите, или да ги прецизираме законите но да оставиме навистина многу многу мал простор за практично да нема простор за дискреционост, туку за многу јасни одредби кои што нема да бидат злоупотребувани ниту од страна на институцијата, ниту од страна на дел од вработените.

Вториот дел е спречување на судирот на интереси. Судирот на интереси сам по себе велат документите не е корупција, но може многу лесно да води кон корупција. И, таа корупција многу лесно може да стане системска корупција. Затоа нашата цел ќе биде овој простор и во

законите кои што се однесуваат на одбраната да го регулираме појасно. Веќе ни функционира линијата за укажувачи но сметаме дека овој дел во законите и за одбрана и за служба во Армијата најверојатно во следниот период ќе треба посебно да го дефинираме. Имено, посебните заштити ние ги имаме на ниво на држава – тоа се законите за укажувачи, законите за спречување на корупција, Законот за спречување на судир на интереси кој што е дел од истава законска регулатива, меѓутоа има некои специфики кои што се однесуваат на одбраната и во соработка со колегите од норвешкиот центар ќе предложиме и дополнителни прецизирања за да ги елиминираме овие шанси.

Кај сензитивните позиции кои што ги споменав претходно, ќе бараме целосно декларирање на сите интереси за да буквално дополнително ја држиме јавноста целосно информирана, но и за да го зголемиме интегритетот во работењето.

Трето, заштитни механизми за спречување корупција при учество во меѓународни мисии и операции. Како сега веќе одговорна членка на НАТО – Алијансата, многу поголемо внимание ќе посветиме и на ризиците од корупции при учество во мисии и операции затоа што успехот и на една ваква операција може многу лесно да се доведе во прашање во услови на корупција. И, ова е една од темите на која многу се дискутира во рамките на НАТО алијансата како дел од програмата за градење интегритет. Сакаме како нова членка на НАТО целосно да се приклучиме кон овие напори, но истото да го дефинираме и во нашите процедури. Ќе воведеме систем на постојано учење на лекции од претходните упатувања и за прв пат следната година ќе изработиме и официјална политика која ќе ги идентификува можните ризици од корупција при учество во меѓународни мисии и операции. Сите наши припадници кои ќе се упатуваат во операции ќе добијат и соодветна антикорупциска обука како дел од обуката пред упатување во мисија за да се запознаат со ризиците со кои можеби ќе се сретнат на терен.

Дополнително, во текот на периодот за кој го правиме планот за интегритет, ќе усвоиме и ќе изработиме Правилник кој што ќе се однесува исклучиво за набавки во меѓународни мисии и операции со што и таму ќе ги минимизираме можностите за корупција.

Во овој момент законот за јавни набавки вели дека правилата од законот не се однесуваат на меѓународните операции и мисии бидејќи таму не можете да ги спроведете на тој начин, ние до овој момент како држава која што и не беше членка многу ретко имавме обврска да ги спроведуваме овие набавки меѓутоа во иднина тоа може да се зголеми и затоа многу е битно да се регулираат правилата според кои овие набавки ќе се вршат во други држави, значи надвор од нашата држава.

Четвртата тема е исто така важна и поврзана а тоа е унапредување на системот за јавни набавки во поглед на интегритетот и транспарентноста. Секогаш кога зборуваме за интегритет, кога зборуваме за борба против корупција зборуваме за системот за јавни набавки. Ова што го направивме во претходниот период беше голем фокус на транспарентноста во овој

најчувствителен дел и практично како Министерство обезбедивме сите документи кои што се однесуваат на овие јавни набавки да бидат целосно објавени. Но, ризиците можат да се појават во било која фаза од планирањето на јавните набавки – планирање, постапка, контрола на квалитет, спроведување на договори за јавна набавка и затоа нашиот фокус ќе биде сите овие делови подобро да ги регулираме со подзаконски акти ли ако не со подзаконски, барем со упатства бидејќи ние не сме носители на Законот за јавни набавки, меѓутоа со внатрешни упатства буквално целава област да ја регулираме, но во исто време и да направиме многу подобри, попрецизни, поконкретни обуки на поголем број од персоналот во Армијата и во Министерството за одбрана, не само на овие кои што се занимаваат со справувањето на набавката, туку сите кои што учествуваат во синџирот на јавни набавки. На тој начин во иднина ќе можеме полесно да ги правиме и ротациите на кадар кои што сега се невозможни бидејќи овластувањата за јавни набавки ги имаат само луѓе кои што имаат соодветни сертификати. Затоа воведуваме обуки за планирање на јавни набавки, за истражување на пазарот, за изработка на технички спецификации, за евалуација, и за прифаќање на набавените стоки или услуги. Ќе воспоставиме и систем на научени лекции кој што ќе се фокусира особено на неуспешните јавни набавки – да видиме што во процесот не било добро за да можеме да го подобриме. Како дел од зголемувањето на транспарентност и интегритетот и подобрување на системот за јавни набавки, сакам да ве информирам дека согласно последните законски измени сега веќе како држава можеме да ги користиме и набавките преку НАТО агенцијата за набавки и тоа најверојатно и до крајот на годината веќе ќе почнемее да го користиме. Сакам да се заблагодарам на Кралството Норвешка што и во овој дел ни понуди помош и јас навистина очекувам дека еден дел и од експертите кои што се занимаваат со ваков тип на НАТО набавки преку НАТО агенцијата ќе ги видиме и во Скопје, како помош на колегите кои што во Министерството за одбрана ги работат набавките. Тоа значи дополнително зголемување на шансите и за транспарентност и потврда на нашиот интегритет дека одлучуваме за одреден тип на набавки да не ги правиме директно ние, туку практично да ја искористиме НАТО агенцијата за таквата набавка.

Петтиот дел е зголемена транспарентност на оттуѓување на средствата. Во последниот период немавме такви случаи но Армијата поседува навистина голем број на застарени средства кои што согласно сите наши долгорочни планови треба да бидат или отстапени на некои други органи како што тоа го правевме со караулите кои ги предадовме на користење на неколку општини, но и еден дел ќе треба да се продадат и тоа да претставува приход на буџетот. Целта ќе ни биде навистина тој тип на продажби да бидат направени со максимална транспарентност и со целосен интегритет за што веќе разговараме и со соодветните институции како што е бирото за судски вештачења кое што врши проценка и кое што ќе ни овозможи овие средства да ги понудиме на пазарот.

И, шестата и можеби област која што ги опфаќа сите други – тоа е зголемена внатрешна контрола. Довербата во институциите е многу важен дел од борбата против корупција. Ако се борите против корупција, расте довербата во институциите, ако институциите имаат поголема доверба, и однесувањето на граѓаните, на фирмите, на вработените ќе биде подобрено. Од клучно значење за ваква доверба е да имате силни механизми за внатрешна контрола. Ние во моментот имаме два типа на внатрешни контрола – едно е инспекцијата во одбраната, друго е внатрешната ревизија и сакаме дополнително овие инструменти да ги искористиме за да нивните лекции, нивните препораки, бидат вградени во функционирањето на сите делови од Министерството за одбрана. Затоа, ќе работиме детална мапа на работните процеси, ќе го преиспитаме дел од системот на некои носење на внатрешни одлуки за да ја зголемиме довербата во институцијата преку интегритет и преку транспарентност.

На крајот дозволете ми да завршам со тоа што и планот кој денес го претставуваме покажува која е нашата политичка волја, а тоа е транспарентност. За разлика од претходниот план во истава институција донесен во 2016 година кој што беше донесен, но никогаш не објавен јавно овој план во духот на таа активна транспарентност ќе биде достапен и ќе остане достапен за да во секој момент во следните три години, секој да може да види до каде сме со спроведувањето на препораките и како оди работата. Овој јавен документ, како што реков може да се најде на веб страницата на МО, а дополнително јавно ќе ги објавуваме и резултатите од извештаите кои што ќе ги правиме неколку пати. Практично сами себе ќе си направиме дополнителна контрола и сите делови од министерството постојано ќе бидат потсетени дека тоа што сме го предвиделе во планот за интегритет е обврска за секој од нас и дека ја имаме одговорноста делот од обврските коишто се наведени конкретно во различни квартали од годините пред на дека мора да ги реализираме.

На крајот дозволете ми уште еднаш да се заблагодарам за поддршката на Кралството Норвешка, на одбранбеното аташе туку и на сите експерти кои учествуваа во работата, тие ќе ни помогнат и во имплементација на планот. Ќе видите чекорите кои ќе ги преземеме, ќе ги преземеме во соработка со нив и ќе имаме уште еден контролен механизам дали навистина квалитетно и навремено ги исполнуваме обврските.

Денеска ја имаме таа поддршка и со присуството и на норвешкото одбранбено аташе Даг Магне Лунде кој што допатува во Скопје специјално за ова. Сакам да му се заблагодарам за многу ефикасната соработка која што ја имавме целиот овој период.

Благодарам.

Обраќање на нерезидентното одбранбеното аташе на Кралството Норвешка, за Република Северна Македонија, Даг Магне Лунде

Почитувана министерке Шекеринска,
Почитувани колеги,
Почитувани претставници на медиумите,
Дами и господа,

Корупцијата и другите облици на неетичко однесување може да ја нарушат довербата на јавноста во вооружените сили, кои се обично меѓу најсигурните јавни институции во европските општества, вклучително и во Северна Македонија. Затоа, напорите за зајакнување и одржување на интегритетот во одбранбениот сектор помага да се одржи довербата на јавноста кон одбранбените институции. На вооружените сили им е потребна континуирана обука за подигање на свеста, соодветни инструменти и механизми со цел превенција и борба против корупцијата и градење на интегритетот. Плановите за интегритет се специјално дизајнирани инструменти за да им помогнат на министерствата и владите да ги спречат и намалат ризиците од корупција.

Министерството за одбрана на Република Северна Македонија заедно со Норвешкиот центар за интегритет во секторот на одбраната го изготвија овој нов План за интегритет на Министерството за одбрана и Армијата за периодот 2021-2024 година со цел да помогне во нивните напори за борба против ризиците од корупција во секторот на одбраната.

Ако се осврнеме на вредноста на планот за интегритет, тој е релативно нов механизам, но, сепак тоа е многу вреден механизам бидејќи го собира персоналот да дискутира и елаборира за слабостите во нивните институции и да се обидува да се изнајдат решенија. Тоа е инструмент за идентификување и решавање на ризиците од корупција и вклучува како што рече и самата министерка околу 6 функционални области, од управување со човечки ресурси до јавни набавки и внатрешна контрола. Планот бара дејствување и за таа цел изработен е и Акциски план од 38 активности со рокови и со јасна распределба на одговорностите.

Планот се заснова на: анализа на ризик, тој е конкретен, реален и бара дејствување. Новиот план се надоградува на претходниот План за интегритет на Министерството и Армијата и е во согласност со приоритетите на Владата на Северна Македонија за зајакнување на интегритетот во јавниот сервис на земјата.

Во изминатите години, имаме реформски ориентирано Министерство за одбрана, кое исто така се стреми да ги подобри своите резултати во однос на интегритетот. Направени се конкретни напори за зголемување на транспарентноста на Министерството, како резултат на што, годинава, Министерството за одбрана беше избрано за најтранспарентна институција во

рамките на јавниот сектор во Северна Македонија, што е големо достигнување за Министерството и ви честитам за тоа.

Сега, Министерството за одбрана и Армијата започнаа ново патување при развојот на овој план чија главна цел е да го поддржи одбранбениот сектор во своите планови и да ги реформира напорите за понатамошно подобрување на практиките за интегритет. Овој план е еден од резултатите од успешната соработка помеѓу Министерството за одбрана и Норвешкиот центар за интегритет во секторот на одбраната. Суштинското искуство на Норвешкиот центар во дизајнирањето на планови за интегритет во министерствата за одбрана низ регионот на Западен Балкан е единствено од овој вид.

Северна Македонија неодамна стана вреднувана членка на НАТО. Но, тоа не значи дека процесот на реформи може да запре. Сите сојузници, стари и нови, треба постојано да се фокусираат на доброто владеење и антикорупциските мерки. Важно е да се сведат на минимум факторите на ризик преку зајакнување на институционалната отпорност. Сите ние мора да бидеме сигурни дека персоналот во одбранбениот сектор, цивилите, како и припадниците на војската, ги знаат и ги почитуваат правилата и прописите за интегритет со цел да се заштити интегритетот и да се овозможи почитување на неопходните високи стандарди. Тоа значи дека овој план е вреден дополнителен придонес и на Северна Македонија и на Норвешка за нашата Алијанса, како и за Програмата за градење на интегритет на НАТО, која се стреми да ги зајакне структурите за интегритет во сите институции на НАТО и во институциите на земјите -членки.

Конечно, би сакал да ја искористам оваа прилика да и се заблагодарам на министерката Шекеринска, нејзиниот тим, кои беа членови на работната група за изготвување на планот, како и тимот на Центарот за интегритет во секторот на одбраната (ЦИДС), за нивната работа во остварувањето на планот. Благодарен сум им на сите за нивната вредна и продуктивна работа во спроведувањето на овој нов План за интегритет.

И на крајот лично би сакал да додадам дека јас работев во Одделението за ревизија во Генералштабот, т.д. имам лично искуство за тоа колку е важно да се работи на интегритетот во целата институција и се надевам дека ќе продолжиме со нашата соработка и со обезбедувањето на помош и на тој начин да ја продолжиме одличната соработка и пријателство со вашата земја.

Ви благодарам.